за wele.

Бр. 12-1547/6
27.05.2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на седуманесеттата седница на ДКСК одржана на ден 22.05.2019 година донесе:

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметот со број 12-1547/1 од 16.03.2019 година.

Предметот со број 12-1547/1 од 16.03..2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-1547/1 од 16.03.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – политичката партија Д----------------------, О ------ .

Заради утврдување на фактичката состојба, по конкретниот предмет(и) ДКСК постапи согласно со член 23 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси - со прибирање на податоци, информации и документација од О ---------- – Г -------- на ------------ .

На барањето на ДКСК бр. 12- 1547/3 од 21.03.2019 година, во законски определениот рок, кај ДКСК е примен одговор, бр. 12-1547/4 од 02.04.2019 година, од О ------- – Г---------------------, со прилог документација во врска со предметната постапка за јавна набавка – Изградба на потпорен зид во село Р -----------, О -------- Г ----------, која видно од доставените списи била спроведена како постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, а од причини на крајна итност предизвикана од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се припишат како пропуст и поврзано со барање доставено од граѓаните заради постоење ризик за рушење на потпорниот ѕид изграден од камен кој почнал да се урива и да претствува опасност, за граѓаните и за околината.

На 17-та седница на ДКСК одржана на ден 22.05.2019 година, врз основа на наводите од пријавата во предметниот пријавен случај, како и врз основа на добиените информации, податоци и документација ДКСК констатира дека наводите за нерегуларности во постапката за јавна набавка не се потврдуваат, по што се оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk